УДК 693(497.7)"18"
DOI
Датум на прием: 12.1.2026
Датум на прифаќање: 16.1.2026
Стручен труд

# МАЈСТОРСКИТЕ ТАЈФИ И ФЕНОМЕНОТ НА ФУНКЦИОНАЛНА И НА ХИЕРАРХИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ГРАДИТЕЛСКИ ЗАНАЕТ

(поими, етимологија, толкувања)*

Емилија Апостолова Чаловска
ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
apostolova_ema@yahoo.com

**Апстракт:** Во трудот се осврнуваме на традиционалниот концепт на здружување на мајсторите градители во мајсторските тајфи, како еден од главните фактори на извонредниот развој на градителството, достигнат во поволниот поширок општествено-економски контекст во преродбенскиот XIX век на Балканот. Покрај историската основа за организацијата и за класификацијата на мајсторските тајфи во традиционалното градителство, во трудот понатаму се издвојуваат поимите, кои се користеле за именување на членовите на мајсторските тајфи, во согласност со нивната хиерархиска природа, со осврт на етимологијата на конкретните поими и на нивното толкување.

**Клучни зборови:** мајсторски тајфи, хиерархија, поими, потекло, турцизми, архаизми

За време на преродбенскиот XIX век, благодарејќи на практичното искуство, напластувано со милениуми, градителскиот занает во Македонија ќе достигне своевидна кулминација, како во однос на изградбата на монументална сакрална и профана архитектура, така и кај: резиденцијалната, вернакуларната и стопанската градба. Во таква атмосфера и во духот на романтизмот, тогаш актуелен ширум Европа, улогата на мајсторите градители ќе се изедначи со таа на ктиторите, односно на покровителите на градбите. Всушност, речиси за прв пат во историјата, мајсторите градители ќе излезат од анонимноста, традиционално негувана во монументалната архитектура во претходните епохи, а нивните градби ќе започнат да бидат третирани како авторски дела.[1] Нивните имиња (и/или тоа на мајсторот

---

* Трудот претставува дел од проектот „Лексикон на македонскиот фолклор“, финансиран од Министерството за образование и наука на РС Македонија во согласност со Договорот за финансирање на научноистражувачки проект на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје за 2025/2026 год., бр. 15 – 6632/11 од 24.7.2025 година.

[1] Како исклучок, досега се идентификувани имињата само на неколку мајстори градители, кои твореле во поствизантискиот период, поточно во првата половина на XVII век. Така, според ктиторскиот натпис, на мајстор Навар му се атрибуира изградбата на Сливничкиот манастир на Преспа, кој

зограф, односно на иконописецот) честопати се среќаваат издлабени во блокови од камен (сл. 1), вградени во црковните портали (сл. 2), испишани на иконостасите – како најзначајни фокусни точки во црковните ентериери (сл. 3), или пак вклучени во ктиторските натписи, покрај тие на ктиторите и нарачателите на градбата, со што нивниот спомен бил осигуран за навек (сл. 4).

Колку македонските мајстори градители биле вреднувани и ценети во преродбенското општество ни сведочи фактот што биле канети да креираат како црковна, така и резиденцијална архитектура и јавни објекти не само ширум Македонија,[2] туку и на различни, далечни локации, благодарејќи на нивната широко распространета репутација. Дела на македонски неимари, покрај на македонска почва, особено често среќаваме, пред сè, тогаш, во новоосnованите независни балкански држави: Србија, Бугарија, Грција, Црна Гора, Романија (Влашко), каде што поволните услови за развој на архитектурата создале потреба од поголем број искусни градители. Тоа предизвикало целокупни мајсторски тајфи[3] да заминат од Македонија и да ја преземат изградбата на низа значајни објекти во престолнините на новите држави[4] и во други градови, видливо влијаејќи во формирањето и во развојот на *националната архитектура* на овие земји (Томовски 1972: 155).[5]

---

датира од 1607 година, со затворен нартекс дограден од западната страна на наосот, пет години подоцна (Поповска-Коробар 2015: 209–211), додека Иван од Кичево е авторот на црквата „Св. Атанасие“ во с. Рилево, Прилепско, датирана во 1627 година (Поповска-Коробар 2015: 211).

[2] Иако самоуки, македонските *неимари* биле автори на поголемиот дел јавни објекти во Битола, престолнината на Румелискиот Пашалак во периодот 1836 – 1867 година (Константиновски 2001: 26), како и на: станбени објекти, патишта, воени објекти, објекти од железницата итн. Меѓу другите, на пример, се споменува мајстор Стојан Везенко(виќ), кој бил *мимар* (архитект) во служба на отоманската империјална администрација во Битола (Василиев 1965: 176).

[3] Според записите на Ѓорче Петров, само од кратовско-кривопаланечките краишта, ѕидарски тајфи, сочинети од вкупно околу три илјади луѓе, секоја сезона заминувале на работа во Романија и во Бугарија (Светиева 1992: 147).

[4] На пример, мајстори градители и фасадери од струшкото село Вевчани работеле на: Народното собрание, Министерството за сообраќај, Аграрната банка, Државната печатница и други објекти во Белград. Во периодот меѓу двете светски војни (1918 – 1940), над двесте вевчански мајстори учествувале во изградбата на сите позначајни објекти во Белград и ширум Србија, каде што е најзабележителна нивната активност (Константиновски 2001: 26).

[5] Меѓу другите, таков пример е *неимарот* Никола Хаџи Живков(иќ) (1792 – 1870), наречен Хаџи Неимар, родум од Воден, Егејска Македонија, кој бил, всушност, еден вид дворски архитект на кнезот Милош Обреновиќ, водејќи ја целокупната градителска дејност на новооснованото српско кнежевство во

За нивната работа мајсторите градители, копаничарите и зографите биле наградувани од страна на владејачките елити на новооснованите балкански држави (Хаџиева-Алексиевска и Хаџиева-Мргуд 2009: 112), како и од страна на самиот Султан, од чија страна биле дарувани со разни привилегии: право на слободно движење низ Империјата, право да јаваат коњ, да имаат вооружена придружба, потоа им биле подарувани имоти чифлици (Василиев 1965: 150), како и други одликувања.[6]

Секако, не би можеле да го постигнат сето ова без да се потпрат на древниот и исклучително добро разработениот организациски систем, кој го карактеризирал градителскиот занает.

**Градителскиот *еснаф***

Импресивната продукција на сакрални и профани објекти во преродбенскиот период се должи, во голема мера, на организираната структура на градителскиот занает, кој, како и другите занаети, бил регулиран во рамките на свој засебен *еснаф.*

Самиот термин може да го дефинираме:

> *Еснаф.* Именка (род: м., множина: еснафи). Потекло: турцизам (тур. *esnaf*).[7] Значење: „здружение на занаетчии од иста струка; занаетчија, сопственик на дуќан или на мала работилница; врсник, арх. другар“ (Белчев 2016: 58).

Во Македонија и на Балканот под Отоманската Империја, еснафите всушност претставувале занаетчиски организации, базирани на уредба, прогласена од страна на самиот Султан (Хаџи-Васиљевић 1930: 93). Со оваа уредба се дефинирало внатрешното уредување на еснафот и на неговата управа,[8] како и низа правила и законитости,

---

периодот од 1834 до 1842 година. Тој е автор на низа значајни јавни и резиденцијални објекти во Крагуевац и во Белград, од кои дел сѐ уште постојат и се во употреба (Томовски 1972: 156–157; Хаџиева-Алексиевска и Хаџиева-Мргуд 2009: 96–97).

6 На пример, на мајсторот Андреја Дамјанов (исто како порано на неговиот предок, мајстор Богдан од лозата Рензови – Дамјанови), од страна на самиот Султан му била подарена украсена сабја и право да ја носи, како и доделена придружба од вооружен телохранител (Хаџиева-Алексиевска и Касапова 2001: 9, 18–19).

7 Во турскиот, терминот *еснаф* преминал од арапскиот јазик: *aṣnāf* (أَصْنَاف), што претставува множина од *ṣinf* (صِنْف), со значење: „категорија“, „тип“, „класа“, „група“, https://is.gd/77p5dz.

8 Управата на секој еснаф ја сочинувале: *устабашија*, *чауш* (тур. *çavuş*, термин чие основно значење е „подофицерски чин во турската војска, полициски службени, пандур, коњаник во стара Турција“: Белчев 2016: 199), *писар*, наречен уште и *граматик* (со значење „писмен човек“: Макаријоска 2024: 158, изведено од грчкиот јазик: гр. *γράμμα* – писмо: Белчев 2016: 120) и

според кои еснафските здруженија се раководеле, вклучително и право самите, внатрешно, да ги решаваат своите спорови и други привилегии.

За степенот на организираност на градителскиот еснаф ни сведочат: заедничкото славење слава, односно почитувањето на еден ист светец заштитник (Хаџи-Васиљевић 1930: 94), како и низа верувања, обичаи и обреди, поврзани со различни фази од ѕидарската работа, пред сè, насочени кон обезбедување на цврстина и трајност на градбата. Од особен интерес е и постоењето на тајни, т.н. *дунѓерски* (ѕидарски) говори дијалекти, чија појава се забележува ширум Балканот (Љубенов 2020: 33–55), а во Македонија се карактеристични за регионите, каде што градителството било, традиционално, најзастапен занает.[9] Сето наведено, кое го споделувале носителите на градителскиот занает, а кои истовремено биле членови на градителскиот еснаф, придонесувало кон јакнење на чувството на припадност кон оваа засебна, затворена група, односно здружение (Љубенов 2020: 33). Според тоа, може слободно да се каже дека градителските, резбарските и зографските еснафи претставувале еден вид *тајно друштво* (Хаџи-Васиљевић 1930).

За осознавање на значењето и за принципите на кои се базирал градителскиот еснаф, од особено значење се записите на францускиот историчар на архитектурата Огист Шоази (Auguste Choisy), кој токму во XIX век имал можност одблиску да набљудува изградба на објекти во Македонија, а потоа да ги публикува своите впечатоци во делото *L'art de batir chez les byzantins* (Париз, 1883):

> ... во секој еден град, овие здруженија (градителските еснафи, н.з.) одржуваат релации на гостопримство и братство, што нè потсетуваат на западните витешки обичаи. Така, секое лето Салоника (*Солун*, н.з.) собира работници од (..) Дербе (*Дебар*, н.з.), кои доаѓаат да учествуваат во градителските потфати. Овие странци имаат обезбедена поддршка и, доколку е потребно, заштита од своите колеги, кои во оваа соработка повеќе гледаат засилување отколку соперништво. Оваа взаемна

---

12 *постари мајстори*. Со сите еснафи раководел еден *ќеаја/ќаја* (тур. *kâhya*), односно управник, чија функција била доживотна. Подоцна, во XIX век, секој еснаф избирал свој ќеаја. Еснафите имале сопствена каса и *мухур*-печат и биле даночени од страна на државата, за чија цел самите собирале данок од своите членови и го предавале во државната благајна. Во интерните спорови, еснафот го застапувал устабашијата, додека пред државните органи го застапувал ќеајата (Хаџи-Васиљевић 1930: 94).

[9] Такви примери се т.н. *форнички* говор од кратовско-кривопаланечкиот крај (Светиева 1992: 122), *бошкачки* говор во Велешко, кој со себе го донеле таму доселените мијачки мајстори од реканскиот крај (населени во селата: Папрадиште, Ореше, Нежилово во текот на XVIII/XIX век), *ѓурабарски* говор во охридско-струшкиот крај, а свој таен говор имале и тајфите во Битолско.

> поддршка ги објаснува толку неседентарните обичаи на градежните работници во целиот Ориент, кои имав прилика да ги набљудувам и самиот
>
> (Choisy 1997: 180).

Додека градителскиот еснаф ги обединувал сите претставници на конкретниот занает и ги регулирал нивните права и обврски, воедно застапувајќи ги пред државната управа, градителската практика практично се реализирала по пат на здружување на поединците во мајсторски дружини, т.н. *тајфи*.

Етимолошки, терминот *тајфа* означува:

> *Тајфа*. Именка (род: ж., множина: тајфи). Потекло: турцизам (тур. *tayfa*).[10] Значење: „група луѓе, дружина најчесто од мајстори – ѕидари, но и разбојници, паликуќи и сл.; банда, дружина“ (Белчев 2016: 164).

Односите меѓу членовите на мајсторските тајфи подлежеле на низа непишани интерни правила, кои подробно ги дефинирале сите процеси што се одвивале во рамките на тајфата, почнувајќи од пренесувањето на: знаењата, вештините и градителските традиции, преку начинот на работа, односно – на целокупниот живот во мајсторската тајфа, која, според сите овие наведени карактеристики, претставувала уникатен тип заедница, односно *братство* (Шабаркова-Петрова 2020: 8).

Во тајфите се здружувале мајстори од најразличен профил: ѕидари, каменорезачи, варџии, дрводелци, столари, дограмаџии, а по потреба и резбари/копаничари, иконописци и зографи. Со различната наобразба и различно искуство на членовите на тајфата, таа се здобивала со сестраност, неопходна за целосна изградба и внатрешно уредување на објекти од најразличен вид: сакрални објекти (цркви, џамии, текиња), јавни профани објекти (училишта, касарни, магази итн.), инфраструктурни објекти (чешми, мостови, патишта, објекти за железницата), резиденцијални објекти (куќи, сараи, манастирски конаци) и стопански објекти (амбари, плевни, воденици, валавици, итн.). Разновидноста на нивниот исклучително широк репертоар на објекти, различни по својата намена, подразбира мошне големи познавања, неопходни за совладување на: функционалните, локациските, конструктивните и естетските проблеми, создавајќи една „мошне импресивна, функционално и конструктивно логично конципирана архитектура“ (Томовски 1969: 222).

Во согласност со природата на нивната работа и на нивната организациска структура, мајсторските тајфи го интензивирале

[10] Всушност, терминот тајфа е преземен во турскиот од арапскиот јазик (арап. طَائِفَة), каде што има сродно значење: „група, здружение, банда“, https://is.gd/eFeKOJ.

развојот на одредени занаети, придонесувајќи тие да бидат доведени до ниво на вистинска уметност: градителство, обработка на камен и каменорез, резба во дрво/копаничарство, изработка на мебел и вградена покуќнина, иконопис и фрескопис. Сето тоа предизвикало појава и на потесно специјализирани тајфи, пред сѐ, во доменот на украсувањето на ентериерите и на уметничките занаети – резба и сликарство, како и тајфи, специјализирани за изградба на одреден специфичен тип градби.[11]

## Организациска структура на мајсторските тајфи

Структурата на мајсторските тајфи, во својата суштина, била организирана стриктно хиерархиски, со строга категоризација на членовите во тајфата, базирана исклучиво на нивните предзнаења и нивното искуство, како и на однапред дефинирани нејзини улоги, права и обврски.

Современи детали за организацијата на мајсторските тајфи, повторно изнесува Огист Шоази, кој, во делото, цитирано претходно, ќе запише:

> ...начинот како се управува вообичаено еден градителски потфат во Македонија, каде ја имам проучено ситуацијата одблиску, е следниот: сопственикот одбира мајстор – градител кој за време на градежните работи е наречен πρωτομαίστωρ (*протомајстор*, н.з.). Овој архитект на импровизиран начин собира како помошници одреден број мајстори (μαίστωρες) и работници од еснафот, кои ќе работат без дистинкција, како во ископување на темели, во ѕидање на ѕидови, така и во дрвената конструкција на таваниците. Само ковачките работи и столарските задачи се резервирани за специјални занаетчии

(Choisy 1997: 179).

На чело на тајфата, значи, се наоѓал *протомајстор – устабашија*, позиција за која, од страна на самите мајстори – членови на тајфата, се избирал најспособниот меѓу нив (Хаџи-Пецова 1955: 9). Тој, всушност, ја наоѓал работата и ги договарал условите под кои ќе се одвива таа; ги изработувал проектот и планот за работа; ги организирал и ги раководел различните работни задачи; ја делел заработувачката на членовите на тајфата според договореното; често и самиот директно учествувал во градбата; истовремено исполнувал и значајна ритуална функција (Покропек и Стрончек 1992: 112), но бил и главен носител на разновидните обреди и обичаи, поврзани со процесите и со фазите на градбата.

[11] На пример, за изградба на воденици биле најпрочуени мајсторите од селото Коџаџик (во областа Дебарска Жупа), а мајстори од селото Луково (во Дебарски Дримкол) биле примарно ангажирани за изградба на мостови (Томовски 1973: 269) итн.

Обата термини, кои се користат за деноминација на старешината на мајсторската тајфа, на „главниот“, односно на „првиот“ меѓу мајсторите: *протомајстор/устабашија*, претставуваат одомаќинети странски термини, чија етимологија е следната:

> *Протомајстор.* Именка (род: м., множина: протомајстори). Потекло: од грчкиот јазик (грч. *πρωτομαίστωρ*). Значење: прв мајстор, главен мајстор, главен учител. Изведено од: πρῶτος = прв (главен, врвен)[12] и *μαίστωρ* = мајстор (учител), термин најверојатно преземен од латинскиот јазик, каде што со зборот *magister* се означува: учител, мајстор, експерт.[13] Еквивалентен термин: *устабашија*.

> *Устабашија.* Архаизам. Именка (род: м., множина: устабашии). Потекло: турцизам (тур. *ustabaşı*). Значење: прв мајстор, односно „главен мајстор, претседател, глава на еснаф“ (Белчев 2016: 183). Изведено од: *usta* = мајстор (експерт, познавач, уметник, волшебник)[14] и baş = глава (врв, водич, предводник).[15] Еквивалентен термин: *протомајстор*.

Покрај протомајсторот, во тајфите, како што беше кажано претходно, членувале низа други мајстори, чиј број се приспособувал во зависност од видот и од големината на градбата. Додека за градба на станбени или помали објекти тајфите вообичаено броеле десетина мајстори и два-тројца чираци (Хаџи-Пецова 1955: 9), за целосна изградба на цркви, на пример, често броеле 30 – 40 членови (Томовски 1973: 269). Како илустрација на обемноста на најуспешните и најпрочуени градителски тајфи, таа на Аврам Гулибеговски, устабашија од малореканското село Лазарополе, во одреден период броела дури 70 членови, кои, покрај од неговото родно село, биле регрутирани и од блиските села: Ростуше, Битуше, Горно Мелничани и Долно Мелничани (Томовски 1969: 224). Особено успешен бил и Китан Петров (1793 – 1866), родум од велешкото село Папрадиште, устабашија на тајфа, која броела 50 – 60 мајстори (Василиев 1965: 205).

Мајсторите – членовите на тајфата, во зависност од искуството и од наобразбата, понатаму се делеле во неколку категории.

Првата група ја сочинувале самите *мајстори*, некогаш именувани и како *ортаци*, всушност веќе етаблирани занаетчии во напредна фаза на нивниот професионален развој.

> *Мајстор.* Именка (род: м., множина: мајстори). Еквивалент на = *уста* (види: *supra*).

---

[12] https://is.gd/sGM2ox.
[13] https://is.gd/gIX9pZ.
[14] https://is.gd/JejrMo.
[15] https://is.gd/yCkcG4.

*Ортак*. Именка (род: м., множина: ортаци). Потекло: турцизам (тур. *ortak*). Значење: „партнер во трговијата или воопшто во некоја работа, компањон“ (Белчев 2016: 124).

Покрај овие термини, кои всушност се користеле општо за сите занаети, во литературата и во народната традиција се сочувани и термини, користени за означување мајстори исклучиво од градителскиот занает:

*Неимар*. Именка (род: м., множина: неимари). Потекло: турцизам (тур. *mimar* = градител, градежник).[16] Значење: мајстор градител, архитект.

*Ѕидар*. Именка (род: м., множина: ѕидари), изведена од глаголот „ѕида“. Значење: „тој што ѕида, гради“ (Макаријоска 2024: 159).

*Дунѓер(ин)/дулѓер(ин)*. Архаизам. Именка (род: м., множина: дунѓери/дулѓери). Потекло: турцизам (тур. *dülger*).[17] Значење: „столар, дрводелец. Изведени зборови: дунѓерисува (работи како столар, дрводелец); дунѓерлак (дрводелство, столарство)“ (Белчев 2016: 51–52). Сепак, покрај ова основно значење, во народната традиција е усвоено и едно поопшто, поширoко значење на терминот *дунѓер/дулѓер* – како градител, мајстор, ѕидар. Одовде, впрочем, потекнува именувањето на „тајните“ говори употребувани од градителските мајсторски тајфи, како „дунѓерски“ (види: *supra*).

Во втората група членови на тајфата спаѓале: *калфи* и *чираци*, кои најчесто биле почетници, односно ученици во фаза на совладување на занаетот. Градителските мајсторски тајфи, всушност, речиси без исклучок, се базирале на семејна традиција (сл. 5), според која, знаењата и вештините, постојано надградувани и усовршувани, се пренесувале од колено на колено преку теориска и преку практична работа. Ова подразбирало вклучување во работата на тајфата на машките деца од семејството уште од мали нозе, веднаш по завршувањето на основното училишно образование (Константиновски 2001: 11). Во зависност од нивните предиспозиции и од талентот што го пројавувале, тие понатаму се насочувале кон некоја од расположливите дисциплини: архитектура и градителство, фрескопис и иконопис, копаничарство итн. Пренесувањето на вештините во рамките на семејството довело до максимална усовршеност во познавањето на материјалите и на нивното однесување, познавање на: техниките, конструктивните системи, носивоста и статиката, како и на

[16] https://is.gd/gvzpXA.

[17] Всушност станува збор за постар, преземен термин, со персиско потекло (пер. *dorodgar)*, изведен од: *dorod* (дрво) и суфиксот *-gar* (изработувач, работник, делец). Оттука, значењето на терминот, изворно, е истото: „дрводелец“, https://www.wisdomlib.org/names/dulger.

естетските принципи и на пропорциите (Хаџиева-Алексиевска и Касапова 2001: 7).

Како и другите општи термини со кои се именувале мајсторите од „повисоката“ категорија, така и термините што се користат да ги означат учениците, биле во употреба општо – за сите занаети:

> *Чирак.* Именка (род: м., множина: чираци). Потекло: турцизам (тур. *çırak*). Значење: „ученик при мајстор занаетчија, слуга во дуќан, неопитен, неискусен човек“ (Белчев 2016: 202). Чирак претставува најниска, односно почетна категорија во еволуцијата на мајсторот-градител, која ја сочинувале деца-ученици. Децата „се давале“ да изучат занает најчесто на возраст од 12-15 години[18] и „чиракувале“ во период од 1,5 – 2 години, по што преминувале во следното скалило – *мал калфа* (Хаџи-Васиљевић 1930: 95–96).

> *Калфа.* Именка (род: м., множина: калфи). Потекло: турцизам (тур. *caifa*). Значење: „занаетчиски или трговски помошник кој, откако го поминал чирачкиот стаж, положил испит за калфа и стекнал право за полагање на мајсторски испит“ (Белчев 2016: 87).

Откако ќе завршел периодот на „чиракување“, учениците преминувале во категоријата *калфа*, поточно *мал калфа*, за период од 2 години и *голем калфа,* за еднаков период. По истекување на периодот на обука, кој минимално изнесувал, значи, 5,5 – 6 години, калфите биле произведувани за мајстори, на најрана возраст од 19 години (Хаџи-Васиљевиќ 1930: 96).

На крајот, во тајфата се примале и неколку општи работници, наречени *аргати*, кои ги вршеле неквалификуваните физички работи,[19] често регрутирани меѓу младите момчиња од градот или од селото каде што тајфата била ангажирана, или од поблиската околина. Терминот *аргат* може да се дефинира како:

> *Аргат, аргатин.* Именка (род: м., множина: аргати). Потекло: турцизам (тур. *ırgat*). Значење: „наемен работник, тој што работи тешка работа; кулучар“ (Белчев 2016: 21). Терминот се користел за каков било вид наемна работа, во случајов врзана со градежништвото.

Покрај мајсторите-градители, во мајсторски тајфи, како што беше кажано претходно, се здружувале и мајстори од сродните занаети, поврзани со градењето, како што се копаничарството и сликарството (фрескопис и иконопис), кои ги украсувале ентериерите на црквите и профаните објекти, создавајќи декорации што „во целост

[18] Во печалбарските краеви, децата се праќале „на гурбет“ веќе од десетгодишна возраст кога, всушност, започнувале со учењето на занаетот (Хаџи-Пецова 1955: 9).

[19] Пример: „... при сите мајстори и аргати имаше и еден аргатин што носеше песок со две магариња“ (Цепенков 3: 318; цит. спор. Макаријоска 2024: 156).

ја надополнувале архитектурата“ (Томовски 1969: 221). Како и самата преродбенска архитектура, и тие претставуваат производ на вековна традиција и на напластени искуства од византискиот и од поствизантискиот период, но и на нови струења во уметноста и во естетиката, кои навлегле како резултат на интензивирањето на контактите со Западна Европа,[20] достигнувајќи кулминација на врвни уметнички дострели токму во преродбенскиот XIX век.

Мајсторите што се занимавале со резба во дрво, односно со копаничарство, се нарекуваат резбари, односно копаничари:

> *Копачичар*. Именка (род: м., множина: копаничари). Значење: „мајстор за резба во дрво; резбар“.[21] Терминот е изведен од глаголот *копа*, кој бил користен од страна на самите мајстори. Имено, за разлика од претходните векови, во кои, кај иконостасите и кај црковниот мобилијар доминирала плитката резба во дрво, преродбенските копаничари работеле резба во длабок релјеф и со ажурна техника (Ќорнаков 1998: 82), т.н. *поткопана резба*, со која акцентот бил ставен на пластичноста и на скулптуралноста на фигурите и орнаментите.

Покрај терминот копаничар, се среќава и поспецифичниот термин *теладур*, кој се користел за деноминација, пред сè, на мајстори копаничари од Западна Македонија, односно од т.н. *мијачка (дебарска) школа*, врз чие творештво силно се одразил италијанскиот барок:

> *Теладур*. Именка (род: м., множина: теладури). Потекло: од италијанскиот јазик (ит. *intagliatóre*). Значење: резбар, „изработувач на уметнички дела од камен, дрво, метал“.[22] Оттука, една од постапките кај длабоката, т.н. „поткопана“ резба и кај ажурната резба, самите мајстори копаничари ја нарекуваат *„тетладисување“* (Светиева 1992: 115) или *„алафранга“* (Василиев 1965: 251), термини, кои непосредно посочуваат кон странските влијанија во конкретниот уметнички занает.

Што се однесува до сликарството, во употреба се задржал терминот *зограф*, но и неговите алтернативи: живописец, иконописец, фрескописец:

> *Зограф*. Архаизам. Именка (род: м., множина: зографи). Потекло: од грчкиот јазик (гр. *ζωγράφος*, изведено од *ζωή* = *живот* и *γράφειν* =

[20] Како илустрација, македонските градители што работеле на конакот на кнез Милош во Крагуевац, веднаш по осамостојувањето на Србија, имале можност да се сретнат со мајсторот Антоние „Талијан“, кој ја работел штукатурата на *таваниците* затоа што таа вештина не им била позната на домашните мајстори. Притоа, според историските извори, покрај македонските мајсторски тајфи и локалните градители, во новата српска држава паралелно работеле: италијански, австриски и германски мајстори, каменоресци, столари, сликари и сл. (Светиева 1992: 77–78).

[21] https://is.gd/eKkLGK.

[22] https://is.gd/4IgNLX.

пишува, односно со буквално значење: „живописец“). На македонски, терминот го задржал истото значење: „сликар на икони и фрески“, или: фрескописец, иконописец, живописец.[23] Впрочем, во ктиторските натписи, самите зографи честопати ја означувале својата работа со глаголот „исписа“ (сл. 4).

## Заклучок

Врз основа на приложените етимолошки анализи може да заклучиме дека поимите, користени за деноминација на различните типови мајстори во рамките на мајсторските тајфи, се од различно потекло.

Поголем дел од термините, особено оние поврзани со организацијата на градителскиот занает (*еснаф, тајфа*), претставуваат усвоени турски термини (кои самите навлегле од арапскиот или од персискиот јазик), како и термините, користени за хиерархиски утврдените скалила во професионалниот развој на мајсторите-градители (*аргат, чирак, калфа, ортак, устабашија*), односно термини настанати со видоизменување на еквивалентни турски термини (*неимар*, *ѕунѓер*). Доминантната употреба во градителството на термини директно преземени од турскиот јазик или пак изведени од (првобитно) турски зборови, секако дека се должи, од една страна, на општоприфатената терминологија ширум Отоманската Империја, која природно ја усвоиле и самите мајстори во комуникацијата со нарачателите и меѓусебно, како и, од друга страна, на државната контрола над занаетчиските здруженија, меѓу другото, преку издавањето на султански уредби (види: *supra*).

За разлика од термините, поврзани со архитектурата, тие употребувани во сликарството и во дрворезбата немаат директна врска со турскиот јазик. Додека некои се изведени од зборови од македонскиот јазик (*резбар*, *копаничар*, *живописец*), други претставуваат историски заемки од други јазици, цврсто вкоренети во регионот, а базирани на византиската и на поствизантиската уметничка традиција (*зограф*, од грчкиот јазик, па и самиот термин *мајстор*, односно *протомајстор*, преземени од грчкиот јазик, но со корен во латинскиот). Трети, пак, се изведени под влијание на термини, преземени од јазици, географски поодалечени (*телаѕур*, од италијанскиот јазик), благодарејќи на интензивирањето на контактите на македонските градители, зографи и копаничари со западноевропската уметност, создавана во истиот период и во претходните векови.

[23] https://is.gd/C2RMUk.

### ЛИТЕРАТУРА

#### Кирилични изданија

Белчев, Т. 2016. *Речник на турцизми, архаизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет.

Василиев, А. 1965. *Български възрожденски майстори.* София: Наука и изкуство.

Константиновски, Г. 2001. *Градителите во Македонија XVII-XX век*. Скопје: Табернакул.

Любенов, И. 2020. *Тайният код на българските дюлгери*. София: ИНЛЕ ЕООД.

Макаријоска, Л. 2024. „Собирачката дејност на Марко Цепенков како извор за етнолингвистички истражувања“. *Прилози*, XLIX 1. МАНУ, 131–179.

Покропек, М. и Т. Стрончек. 1992. *Споредбена монографија на македонското село Јабланица и полските села Пјентки и Тварогi.* Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Поповска-Коробар, В. 2015. „Иконостасот во црквата на Бигорскиот манастир во XVIII век“. *Бигорски манастир – 20 години возобновено монаштво*, 382–401.

Светиева, А. 1992. *Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Томовски, К. 1973. „Дејноста на мајсторите – градители од ‘Дебарската школа’ во XIX век“. *Бигорски научно-културни собири* – Гостивар, Скопје.

Томовски, К. 1972. „Хаџи Никола Живковиќ – Хаџи Неимар (1792-1870). Прв архитект на Белград и обновена Србија“. *Историја* 1, година VIII. Скопје, 155–158.

Томовски, К. 1969. „Дејноста на мајсторите-градители, копаничари и зографи од с. Лазарополе во XIX и XX век“. *Историја* 1, година V. Скопје, 221–227.

Ќорнаков, Д. 1998. *Резбарски центри во Македонија*. Скопје – Мелбурн: Матица македонска.

Хаџи-Васиљевић, Ј. 1930. *Скопље и његова околина. Историјска, етнографска и културно политичка излагања.* Београд: Св. Сава.

Хаџи-Пецова, М. 1955. „Обичаи на мијаците – гурбетчии од Мала Река“. *Весник на музејско-конзерваторското друштво на НР Македонија*, година III, бр. 1. Скопје, 7–14.

Хаџиева-Алексиевска, Ј. и Е. Касапова. 2001. *Архитект Андреја Дамјанов*. Скопје: авторите.

Хаџиева-Алексиевска, Ј. и В. Хаџиева-Мргуд. 2009. „Улогата на македонските архитекти и уметници во создавањето на дворската архитектонска и сакрална уметничка естетика во новосоздадените

држави Србија и Црна Гора во XIX век”. *Македонски фолклор*, год. XXXV, бр. 68. Скопје: ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 98–105.

Шабаркова-Петрова, М. 2020. „Увод“. *Тайният код на българските дюлгери* (автор: И. Любенов). София: ИНЛЕ ЕООД.

**Латинични изданија**

Altintaş, A. M. 2010. “The World of Ottoman Guilds: The Issue of Monopoly”. *History Studies (International Journal of History)*, vol. 2/3, 11–23.

Choisy, A. 1997. *El arte de construir en Bizancio*. Madrid: Instituto Juan de Herrera.

Yildirim, O. 2008. “Ottoman Guilds in the Early Modern Era”. *IRSH* 53, Supplement, 73–93.

**Сајтографија**

“Latin/Definition/magister-magistri/“, https://is.gd/gIX9pZ [Пристапено на 5.1.2026].

“Vocabolario/intagliatore“, https://is.gd/4IgNLX [Пристапено на 7.1.2026].

„Македонски јазик/зограф/“, https://is.gd/OMaalC [Пристапено на 7.1.2026].

„Македонски јазик/копаничар“, https://is.gd/eKkLGK [Пристапено на 8.1.2026].

“Turkish-English/usta“, https://is.gd/JejrMo [Пристапено на 5.1.2026].

“Turkish-English/baş“, https://is.gd/yCkcG4 [Пристапено на 5.1.2026].

“Dictionary/tayfa“, https://is.gd/eFeKOJ [Пристапено на 4.1.2026].

“Arabic/Words/category“, Category – an Arabic word [Пристапено на 4.1.2026].

“Wordreference/πρώτος/“, https://is.gd/sGM2ox [Пристапено на 5.1.2026].

“Turkish-English/mimar“, https://is.gd/gvzpXA [Пристапено на 7.1.2026].

“Definition/dulger“, https://www.wisdomlib.org/names/dulger [Пристапено на 8.1.2026].

# ПРИЛОЗИ

## Илустрации



Сл. 1: Натпис на мајстор Коста од Цер, издлабен во блок од камен, вграден на фасадата на црквата „Св. Преображение“ во с. Гопеш, Битолско. Извор: Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола



Сл. 2: Натпис на мајстор Митре, издлабен на влезниот портал на црквата „Св. Димитрија“ во с. Рапеш, Мариовско. Извор: Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола



Сл. 3: Ктиторскиот натпис над влезната врата во наосот на црквата „Св. Атанасие“ во с. Цер, Демирхисарско. Извор: авторот



Сл. 4**:** Натпис на иконостасот на црквата „Св. Спас“ во с. Кожле, Скопско. Извор: авторот




Сл. 5: Генеалошкото стебло на династијата Рензови – Дамјанови од с. Папрадиште, Велешко, изворно од с. Тресонче (Мала Река). Автор: Ѓорѓи Зографски. Извор: www.marh.mk

## THE MASTER-BUILDER GROUPS AND THE PHENOMENON OF FUNCTIONAL AND HIERARCHICAL ORGANIZATION IN THE TRADITIONAL BUILDING CRAFT

(terms, etymology, and interpretation)

Emilija Apostolova Čalovska
“Marko Cepenkov” Institute of Folklore in Skopje
apostolova_ema@yahoo.com

Summary

The paper examines the traditional concept of the association of master-builders into guilds (*tayfi*), as one of the primary factors in the extraordinary development of architecture and construction achieved within the favorable broader socio-economic context of the 19th-century Revival in the Balkans. In addition to the historical foundation for the organization and classification of master guilds in traditional construction, the paper further identifies the terms used to name the members of these guilds, in accordance with their hierarchical nature, focusing on the etymology and interpretation of these specific terms.

Most of the terms related to the organization of the construction craft (*esnaf, tayfa*), represent adopted Turkish terms (which themselves originated from Arabic or Persian), as is the case of the terms used for the hierarchically established

stages in the professional development of master-builders (*argat, chirak, kalfa, ortak, ustabashiya*), and terms created by modifying equivalent Turkish terms (*neimar, dungyer*). The dominant use of terms directly adopted from the Turkish language, or derived from originally Turkish words, is certainly due, on one hand, to the generally accepted terminology throughout the Ottoman Empire, which the masters themselves naturally adopted in communication with clients and among each other, and, on the other hand, to the state control over craft associations, among other things, through the issuance of decrees and permits.

In contrast to the terms related to architecture, those used in painting and woodcarving have no direct connection with the Turkish language. While some are derived from Macedonian words (*rezbar, kopaničar, zhivopisec*), others are essentially historical loanwords from other languages, firmly rooted in the region and based on the Byzantine and post-Byzantine artistic tradition (*zograf*, from Greek, and even the term *maystor*, i.e., *protomaystor*, taken from Greek but with roots in Latin). Meanwhile, others are derived under the influence of terms adopted from geographically distant languages (*teladur*, from Italian), thanks to the intensified contacts of Macedonian builders, painters and woodcarvers with Western European art created during the same period and in previous centuries.